# С Л У Ж Б Е Н Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**02.03.2018 год.** **Бр.IV**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/2014), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за објавување на актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 02.03.2018 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 02.03.2018 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-332/1 од 02.03.2018 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („ Службен весник на Р.М. бр.5/02,„) и член 21 став 1 точка 49 и 50 од Статутот на општина Крушево („Службен гласник на општина Крушево„ 1/2007 и 16/2014), Советот на општина Крушево на седницата одржана на ден 02.03.2018 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**За давање согласност за намена на инвестиција за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „ Изработка на техничка документација – ажурирана геодетска подлога, список на индикации, елаборати за нумерички податоци, проект за инфраструктура и основен проект со потребни ревизии за водоснабдување за село Јакреново општина Крушево„**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Крушево дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „ Изработка на техничка документација – ажурирана геодетска подлога, список на индикации, елаборати за нумерички податоци, проект за инфраструктура и основен проект со потребни ревизии за водоснабдување за село Јакреново општина Крушево„.

**Член 2**

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 900 000, 00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Бирото за регионален развој во вредност од 800 000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 100 000,00 денари ќе биде сопствено учество на општина Крушево.

**Член 3**

Оваа Одлука Советот на општина Крушево ја донесува врз основа на јавен повик за прибирање на предлог проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби и за развој на селата за 2018 година објавен од страна на Бирото за регионален развој.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-290/3 од 02.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 21, 25, 36 став 1 точка 1 и член 38 од Законот за култура (“Сл.весник на Р.М.” бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15; 39/16 и 11/18), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 18 став 1 точка 5, член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 02.03.2018 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

***за давање Согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа***

***Дом на култура „Наум Наумовски-Борче" Крушево***

1. Советот на Општина Крушево дава согласност на одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура „Наум Наумовски-Борче" Крушево бр.02-6/6 од 23.02.2018 година.

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-290/4 од 02.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 11 став 1 точка 3 и 4 од Законот за јавните претпријатија ("Сл.весник на Р.М." бр.38/96, 6/2002, 40/2003, 49/06; 22/07; 83/09; 97/10; 6/12; 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15 и 39/16) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 02.03.2018 година, го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево, дава Согласност на Одлуката за набавка на половно возило бр.02-10/3 од 15.01.2018 година донесена од УО на ЈП "Комуна" Крушево.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Примерок од овој Заклучок да се достави до ЈП"Комуна" и Архива на Општина Крушево.

**Бр.08-290/5 од 02.03.2018 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 14 и 16 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М. " бр.5/2002), член 46 од Законот за работни односи ("Сл.весник на Р.М." 62/05; 106/08; 161/08; 114/09; 130/09; 50/10; 52/10; 124/10; 47/11; 11/12; 39/12; 13/13; 25/13; 170/13; 187/13; 113/14; 20/15; 33/15; 72/15; 129/15 и 27/16), член 62 став 1 точка 14 и 16 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007 и 16/14), а во врска со известувањето од Министерството за образование и наука бр.12-1444/2 од 06.02.2018 година, Градоначалникот на Општина Крушево, донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за формирање на Општинска Комисија за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време**

1. Се формира комисија за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време во Општина Крушево во следниот состав:

-Антониела Стојаноска, претседател, како претставник од Државен просветен инспекторат;
-Златко Думбалоски, член, вработен во ООУ "Добре Јованоски" Прилеп, како претставник од СОНК;
-Еленица Љума, член, вработена во општинската администрација на Општина Крушево;

2. Во својата работа комисијата ќе ги следи насоките за трансформација на работен однос од определено на неопределено време бр.11-20203/1 од 19.12.2014 година, донесени од Министерството за образование и наука.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.09-315/1 од 01.03.2018 година.**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1.Заклучок за објавување на актите донесени на 10-та седница на Советот на Општина Крушево ........................................................ 1
2. Одлука за давање согласност за намената на инвестиција за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Изработка на техничка документација-ажурирана геодетска подлога, список на индикации, елаборати за нумерички податоци, проект за инфраструктура и основен проект за потребни ревизии за водоснабдување за село Јакреново Општина Крушево …….. 1

3.Заклучок за давање согласност на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Општинската установа Дом на култура “Наум Наумовски-Борче” Крушево …………………………………… 1
4. Заклучок за давање Согласност на Одлуката од Управниот одбор на ЈП “Комуна” Крушево бр.02-10/3 од 15.01.2018 година ……………………………………….. 2
5.Решение за формирање на Општинска Комисија за извршување на стручните и административно техничките работи за трансформација на работен однос од определено на неопределено работно време .. 2

Редакциски одбор на Општина Крушево.